Планирани активности за период од 06.04.2020 година до 12.04.2020 година

# ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

Наставна содржина: **Добродетели - добри дела, љубов, мудрост, праведност, храброст и умереност.**

Ученици, во првото полугодие учевмме дека ДОБРОДЕТЕЛИ се карактерни одобини, кои покажуваат дека некој прави нешто добро (пр. чесност, искреност, доверливост, дружељубивост, оптимизам, милостивост, итн.).

Во табелата, од левата страна ви се дадени четири добродетели, а од десната – објаснување. Меѓутоа, редоследот на објаснувањето не одговара на зборчето што е до него (од левата страна). Ваша задача е – да пронајдете кое објаснување важи за секоја добродетел и да ги поврзите.
Значи, го имаме зборчето мудрост и бараме кој од понудените одговори најдобро ја објаснува добродетелта – мудрост.

| | |
|---|---|
| **мудрост** | Особина која го прави човекот подготвен да извршува добри дела, да ја совладува секоја препрека и да ги брани луѓето кога се во неволја. |
| **праведност** | Паметно употребување на сите задоволства кои ги имаме во животот. |
| **храброст** | Знаење за тоа што е добро и што е правилно и способност за правилно расудување. Ја имаме оваа особина ако знаеме секогаш да го одбереме доброто и правилното и да го избегнеме лошото. |
| **умереност** | Сознавање на своите должности и се она што е потребно да правиме за исполнување на своите должности.<br>Исто така, значи - на секого да му се даде тоа што му припаѓа. |

Откако, ќе ги поврзете, запишете една ваша позитивна особина (добродетел) и една негативна особина (мана). Ваша задача е – во рок од три дена, да и се спротивставите на лошата особина, на дело.
Пр. Ако си мрзлив, секогаш кога ќе те фати мрза нешто да направиш, СТАНИ ВЕДНАШ, спротивстави и се на мрзата и заврши ја работата!
- ако не си искрен, секогаш кога ќе се најдеш во ситуација да излажеш, ЗАСТАНИ и КАЖИ ЈА ВИСТИНАТА!

- ако озборуваш – ПРЕСТАНИ и кажи си, чекај – има поубави нешта за кои можеме да зборуваме!
- ако си скржав, НАТЕРАЈ СЕ, без да се противиш, да поделиш со некого нешто!

- **Овие три дена се само за почеток... Кога ќе увидиш дека така е поубаво, продолжи да напредуваш во доброто :)**

Откако ќе го напишете домашното, напишете го горе на листот - вашето име и презиме, училиште и одделение. Сликнете и пратете ми го на мојот e-mail .

Бидете трпеливи, слушајте ги родителите, седете дома и - не плашете се, зашто и ова ќе помине!

П.С. Ако имате принтер, можете и да го испринтате и таму да го напишете домашното, а потоа листот свиткајте го и ставете го во тетратката по Етика во религиите!

e-mail, majajakimovska@yahoo.com

НАСТАВНИК

Маја Јакимовска